

**Манифест**

Денес, во 14ч на 10 ноември 2018, 100 години по завршувањето на Првата светска војна, која што и` остави децениски загуби на европската цивилизација, не само што се повикуваме историски: туку ја преземаме нашата иднина во своите сопствени раце!

Време е да се врати ветувањето вградено во реалноста на Европа и да не потсети на основачките идеи кои стојат зад проектот за европски интеграции.

Потврдуваме дека секој присутен во овој момент во Европа, е граѓанин на Европската република. Потврдуваме и ја прифаќаме нашата одговорност за заедничко културно наследство на Универзалната декларација за човечките права, и се обврзуваме конечно да ја направиме реалност.

Свесни сме дека европското богатство е базирано на експлоатацијата на другите континенти и потценувањето на другите култури низ вековите. Затоа, среќни сме да ја споделиме нашата територија со оние кои се изгонети од своите. Секој кој сака може да стане европјанин. Европската република е првиот чекор на патот кон глобалната демократија.

Европа како држава на нации пропадна.
Визијата за европските интеграции беше изиграна.
Без политичка поддршка, единствениот европски маркет и еврото лесно запаѓаат во неолибералната агенда на искористување која трча наспроти целта на социјалната правда.
Моќта на европските институции затоа мора да биде исполнета за да стандардниот маркет и стандардната валута можат да се креираат во рамките на заедничката европска демократија.
Бидејќи Европа значи соединување на луѓето, не интегрирање на државите.

Суверeноста на државите тука е заменета со суверeноста на граѓаните.
Европската република е основана врз база на принципите на универзалната политичка еднаквост растеретена од националност, општествена или етничка позадина. Конститутивните елементи на Европската република се европските граѓани и региони. Дојде време европската културна разноликост да се изрази во рамките на политичкото соединување.

Европскиот совет затоа е распуштен. Европскиот парламент сега има моќ да создаде закон. Ќе назначи влада посветена на заедничките добра на сите европски граѓани.

Да живее Европската република!

Превод од англиски на македонски јазик – Иванка Апостолова Баскар

THE EUROPEAN BALCONY PROJECT